**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – University „Ss. Cyril and Methodius“**

**Филозофски факултет, Скопје – Faculty of Philosophy, Skopje**

**Институт за дефектологија – Institute of Special Education and Rehabilitation**

# 25 Години Студии по дефектологија
# 5. Меѓународна конференција

# „ТРАНСФОРМАЦИЈА КОН ОДРЖЛИВО И ФЛЕКСИБИЛНО ОПШТЕСТВО ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ“



# 25 Years of Special Education and Rehabilitation Studies
# 5th International conference

# „TRANSFORMATION TOWARDS SUSTAINABLE AND RESILIENT SOCIETY FOR PERSONS WITH DISABILITIES“

**Зборник на трудови**
**Conference proceedings**

**13 – 15 септември 2018 година**
**Хотел „Инекс Горица“ – Охрид, Република Македонија**

**Издавач на зборникот/Publisher:**
**Филозофски Факултет – Скопје, Институт за дефектологија**
**Бул. „Гоце Делчев“ 9А, Скопје**

**Faculty of Philosophy – Skopje, Institute of Special Education and Rehabilitation**
**Blvd. Goce Delchev 9A, Skopje**

**За издавачот / For publisher:**
**Proffesor Ratko Duev, PhD, Dean of the Faculty of Philosophy**

**Уредници / Editors:**
**Professor Goran Ajdinski, PhD**
**Associate professor Olivera Rashikj-Canevska, PhD**

**Секретар / Secretary:**
**Maja Filipovska, M.Sc**

**Лектор по македонски јазик / Lecturer of the Macedonian language:**
**Makedonka Bubevska**

**Печати / Printing:**
**Мар-Саж, Mar-Saz**

**Тираж / Circulation:**
**100**

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ORGANIZATIONAL COMMITTEE:

Assistant Professor Natasha Stanojkovska-Trajkovska PhD (chair / претседател)

Prof. Goran Ajdinski PhD

Prof. Zora Jachova PhD

Prof. Daniela Dimitrova-Radojichikj PhD

Prof. Natasha Chichevska-Jovanova PhD

Prof. Zoran Kitkanj PhD

Associate Professor Olivera Rashikj-Canevska PhD

Assistant Professor Aleksandra Karovska-Ristovaka PhD

Maja Filipovska M.A.

## МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН ОДБОР / INTERNATIONAL PROGRAMME COMMITTEE:

Prof. Goran Ajdinski PhD (chair) (Macedonia) / претседател

Prof. Zora Jachova PhD (Macedonia)

Prof. Daniela Dimitrova-Radojichikj PhD (Macedonia)

Prof. Natasha Chichevska-Jovanova PhD (Macedonia)

Prof. Zoran Kitkanj PhD (Macedonia)

Prof. Risto Petrov PhD (Macedonia)

Prof. Vivijana Langher PhD (Italy)

Prof. Rivka Hillel Lavian PhD (Israel)

Prof. Goran Nedovic PhD (Serbia)

Prof. Branka Jablan PhD (Serbia)

Prof. Natalija Ivanovic PhD (Serbia)

Prof. Mira Cvetkova PhD (Bulgaria)

Prof. Ana Jakab Wagner PhD (Croatia)

Prof. Zamir Mrkonjic PhD (Bosnia and Herzegovina)

Prof. Medina Vantic-Tanjic PhD (Bosnia and Herzegovina)

Associate Professor Olivera Rashikj-Canevska PhD (secretary of scientific board) (Macedonia) / секретар на научен одбор

**13.09.2018 ЧЕТВРТОК**

**16.00 – 17.30 Регистрација на учесниците**

**Свечено отварање на конференцијата во Дијамантска сала**

**18.00 – 19.00 <u>Поздравни обраќања</u>**

**Доц. д-р Наташа Станојковска Трајковска,** Раководител на Институт за дефектологија

**Проф. д-р Ратко Дуев,** Декан на Филозофски факултет

**Г-н Петар Атанасов,** Заменик министер за образование и наука

**Г-а Мила Царовска,** Министер за труд и социјална политика

**Г-н Венко Филипче,** Министер за здравство

Настап на **Ема Ананиевска**, студент на Академија за музички уметности

Доделување благодарници на институции соработници на Институт за дефектологија

Промоција на зборник на трудови – ***Проф. д-р Горан Ајдински**, главен* уредник на зборникот на трудови и претседател на научниот одбор

**Фото сесија**

| | |
|---|---|
| 19.30-20.30 | <u>Пленарни излагања</u> |
| 19.30-19.50 | Значењето на работата за лицата со инвалидност – придобивки од програмата за социјална инклузија во Словенија - Александра Табај, Центар за работна рехабилитација, Универзитетски центар за професионална рехабилитација, Словенија |
| 19.50-20.10 | Придобивки и перспективи на развојниот модел на раната интервенција - Валентина Дуковска, Филип Дума, ЈЗУ Клиника за детски болести, Оддел за неврологија |
| 20.10-20.30 | Состојби и предизвици на инклузивното образование во Р. Македонија - Оливера Рашиќ-Цаневска, Горан Ајдински, Институт за дефектологија Филозофски факултет –Скопје |
| 20.30 | Коктел |

**14. 09. 2018 ПЕТОК**

**9.00-11.10 Тематски излагања по сесии**

**Конференциска сала 1**

**Сесија А. Трансформација на социо-економските компоненти (социјална заштита, вработување, законска регулатива, владин сектор)**

**Модератори: Проф. д-р Ристо Петров и Доц. д-р Даниела Тамаш**

09.00-09.10 Воведно излагање од Г-н Душан Томшиќ, претставник на Министерството за труд и социјална политика

09.10-09.20 **Инклузивно вработување и работна интеграција на лицата со оштетен слух** - *Хуснија Хасанбеговиќ, Јасмина Ковачевиќ, Зора Јачова*

09.20-09.30 **Значење на социјалните пакети во интензивниот третман на децата со аутистичен спектар на нарушување** - *Симона Ѓорѓевска, Габриела Најдова, Наташа Станојковска-Трајковска*

09.30-09.40 **Анализа на потреби од поддршка на згрижувачките семејства за квалитетна грижа за деца со развојни предизвици** - *Александра Ивановски, Иван Двојаков, Ирена Додевска, Валентина Димовска, Љупчо Трифуновски*

09.40-09.50 **Македонската законска рамка за работна рехабилитација на лицата со инвалидност** – *Наташа Богоевска, Светлана Трбојевиќ*

09.50-10.00 **Степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој и социјалните надоместоци** - *Мирјана Ќаева-Пејковска, Јован Пејковски*

10.00-10.10 **Трансформација на Јавната установа „Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје“** - *Даниела Саздова, Анета Стефановска, Сузана Попоска, Билјана Стерјадовска Стојчевска*

10.10-10.20 **Персонални карактеристики на вработените во вонинституционалната и институционална заштита на деца со интелектуална попреченост** - *Наташа Станојковска-Трајковска, Нергис Рамо-Акѓун, Ристо Петров*

10.20-10.30 **Лицата со попреченост во системот на социјална заштита – моментална состојба и перспективи** - *Ивана Двојакова, Соња Кипровска, Весна Самојловска*

10.30-10.40 **Придонесот на граѓанските организации во остварување на правото на глас за лицата лишени од правна способност** *– Андреа Бензон, Катарина Шаревиќ Ивиќ-Хофман*

*10.40-10.50* **Трансформација на јавна свест за кризен менаџмент -** *Александра Каровска Ристовска, Александра Јаковчевска, Билјана Каровска Андоновска*

*10.50-11.10* **Дискусија**

**Конференциска сала 2**

**Сесија Б. 1 Трансформација во областа на образованието**

**Модератори: Проф. д-р Зора Јачова и Проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ**

09.00-09.10 Инклузивно образование или инклузивно посебно образование - Даниела Димитрова-Радојичиќ, Наташа Чичевска-Јованова

09.10-09.20 **Инклузија-основа на реформите во образованието -** Јасмина Ковачевиќ, Зора Јачова, Светлана Славниќ, Весна Радовановиќ

09.20-09.30 **Улогата на стручните соработници во имплементацијата на инклузивното образование -** Елена Ризова, Биљана Василевска, Билјана Теовска

09.30-09.40 **Анализа на политичката и законска рамка на инклузивно образование во мултикултурни средини во некои земји на Балканот** – *Ведат Бајрами, Горан Ајдински*

09.40-09.50 **Практични услови и можности за внатрешно реорганизрање на ПОУ „Маца Овчарова“ од Велес и нејзино трансформирање во ресурсно училиште -** Зага Колодезни, Весна Стојаноска-Ивановска, Вера Коцева, Соња Гаврилова

09.50-10.00 **Инклузија преку Ресурсни центри -** Ангелка Кескинова, Шпетим Љатифи

10.00-10.10 **Активности и форми на соработка помеѓу наставниците и родителите на деца со посебни потреби во посебните училишта** – Борче Костов, Анета Баракоска, Вера Стојановска

10.10-10.20 **Практики на проценка и оценување на ученици со посебни образовни потреби во Република Македонија -** Милена Илиќ Пешиќ

10.20-10.30 **Што велат практичарите за инклузивното образование? –** Маринела Шќепановиќ

10.30-10.50 **Дискусија**

11.00-11.20 **Кафе пауза**

11.20-12.00 **Тематски излагања по сесии**

**Конференциска сала 1**

**Сесија В. Новини во специјалната едукација и рехабилитација**

**Модератори: Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска и Проф. д-р Горан Недовиќ**

| | |
|---|---|
| 11.20-11.30 | **Ефективноста на сексуалната едукација за младите возрасни со интелектуална попреченост –** *Матеја Вукашинец, Даниела Братковиќ, Леа Масњак Шушковиќ* |
| 11.30-11.40 | **Влијанието на доминантната латерализација на мајките во извршувањето на секојдевни активности и доминантната латерализација на горните екстремитети кај нивните деца** - *Маја Филиповска, Оливера Рашиќ-Цаневска, Александра Каровска Ристовска, Наташа Станојковска-Трајковска* |
| 11.40-11.50 | **Примена на терапевтскиот пристап „Интензивна интеракција кај деца со тешка, длабока и комбинирана попреченост“** - *Весна Костиќ-Ивановиќ, Маргарита Николовска, Горан Петрушев* |
| 11.50-12.00 | **Преглед и увид во состојбите на едукација и вработување на лицата со инвалидност во Босна и Херцеговина –** *Маја Симолиќ, Зринка Думанчиќ Бакавиќ* |
| 12.00-12.10 | **Психомоторни развојни карактеристики кај деца со церебрална парализа, деца со церебрална парализа и коморбидитет конвулзии и невроризични од 0 до 3 години** - *Марија Бојаџи, Оливера Рашиќ-Цаневска, Маја Божиновска Симческа* |
| 12.10-12.20 | **Улогата на сензорната стимулација кај учениците со попреченост –** *Жана Ѓорѓиева, Марија Давчевска, Весна Стојановска-Ивановска* |
| 12.20-12.30 | **Прирачник со активности за јазично и математичко описменување на ученици со попреченост** - *Марија Давчевска, Живка Панова Саздова* |
| 12.30-12.40 | **Етички дилеми во специјалната едукација и рехабилитација** - *Маја Филиповска, Сузана Симоновска* |
| 12.40-12.50 | **Дислексијата (не)препознаена од институциите** - *Дамјан Николовски, Орхидеја Шурбановска* |
| 12.50-13.00 | **Родителски стрес кај родители на деца со пречки во развојот – Корелација помеѓу стресот и други варијабли во контекст на условите во Р. Хрватска** - *Наталија Лисак, Соња Алимовиќ, Ана Вагнер Јакоб* |
| 13.00-13.20 | **Дискусија** |
| 13.20-13.30 | **Постер презентација “The First Steps Project”** - *Соња Фортуманова, Билјана Станоевска, Анита Чекановска Димитриевска* |

**Конференциска сала 2**

**Сесија Г. Квалитет на живот на лицата со инвалидност**

**Моератори: Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова и Проф. д-р Медина Вантиќ-Тањиќ**

11.20-11.30 **Полови разлики во димензијата на лична перцепција кај децата кои имаат брат или сестра со посебни потреби –** *Медина Вантиќ-Тањиќ, Марија Петричевиќ, Милена Николиќ*

11.30-11.40 **Добросостојба на браќата и сестрите на лицата со АДХД (преглед на литература) –** *Лорена Костиќ, Јасмина Стошиќ*

11.40-11.50 **Едукација на родители за македонските семејства кои живеат со аутистичен спектар на нарушување: ЕСИП проект –** *Јасмина Трошанска, Давид Прис*

11.50-12.00 **Можноста за самостојно живеење и социјална инклузија на лицата со интелектуална попреченост –** *Даниела Братковиќ, Весна Михановиќ, Наталија Лисак*

12.00-12.10 **Ставовите на родителите и стручните работници во процената на знаењата на возрасните лица со интелектуална попреченост за живеење во заедница -** *Арита Агаи, Живко Жеков, Ристо Петров*

12.10-12.20 **Ефикасност на примената на програмата за живеење со поддршка за лица со аутистичн спектар на нарушување -** *Даниела Тамаш*

12.20-12.30 **Квалитет на живот на лицата со пелтечење -** *Нермин Теловска*

12.30-12.40 **Искуства во инклузивниот третман на осудените лица во заедницата -** *Горан Јованиќ, Вера Петровиќ*

12.40-12.50 **Квалитет на живот кај лица со интелектуална попреченост кои преминале од институционално кон живеење со повремена поддршка -** *Билјана Стерјадова Стојчевска, Весна Костиќ Ивановска, Даниела Саздова*

12.50-13.00 **Квалитет на живот на лица со попреченост -** *Софија Георгиевска, Фросина Денкова-Зафировска*

13.00-13.20 **Дискусија**

13.30-14.30 **Пауза за ручек**

14.30-17.30 **Работилници**

14.30-15.30 **Сензорна интеграција -** *Маја Трајчова,* **Асоцијација за рана стимулација, развој и игра кај деца** *– Креатива Исток*

15.30-16.30 **Семејството како партнер во третманот и едукација на деца со развојни нарушувања -** *м-р Лилјана Трпчевска, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија-Скопје*

16.30-17.30 **Дислексијаитерапијавоучилница.Колкутешкоможедабиде?-** *Катерина Николовска, ALTAcademic Language Therapist Educational Therapist*

17.30-19.30 **Организиран разглед на градот со туристички водич**

**15. 09. 2018 САБОТА**

**9.00-10.30 Тематски излагања по сесии**

**Конференциска сала 1**

**Сесија Д.1 Трансформација и трендови во областа на рехабилитацијата**

**Модератори: Проф. д-р Зоран Киткањ и Д-р Валентина Дуковска**

09.00-0910 **Воведно излагање на г-н Михајло Костовски, претставник на Министерството за здравство**

09.10-09.20 **Институционална промоција на рана говорно јазична интервенција** - *Ана Попоска, Силвана Филипова, Билјана Крстевска Кокорманова*

09.20-09.30 **Стратегии на примена на Аугментативна и алтрнативна комуникација** - *Светлана Теодоровиќ*

09.30-09.40 **Клинички аспекти на дијагностичката проценка на растројства од аутистичен спектар и коморбидните состојби** - *Лилјана Трпчевска, Марија Ралева, Насер Дурмиши, Ангелина Филиповска, Гордана Николовска*

09.40-09.50 **Улогата на проценката на вербалната флуентност кај пациенти со мултиплекс склероза –** *Санела Славковиќ, Весела Миланков, Сташа Ивезиќ, Шпела Голубовиќ*

09.50-10.00 **Корелации на ставовите на родителите на деца со оштетен вид кон раната интервенција** - *Снежана Николиќ*

10.00-10.10 **Коморбидитет на АДХД кај децата и адолесцентите во Р. Хрватска –** *Даниеал Цвитковиќ, Рафаела Плетањ*

10.10-10.20 **Корегирање на говорни нарушувања со DAF и FORBRAIN метода кај деца и возрасни** - *Маргарита Белчовска, Магдалена Лазарова, Ангела Трајкоска, Лилјана Секулова Димитриевски, Марија Спасовска*

10.20-10.30 **Дискусија**

**Конференциска сала 2**

**Сесија Б.2 Трансформација во областа на образованието**

**Модератори: Доц. д-р Наташа Станојковска-Трајковска и Проф. д-р Вивиана Лангер**

09.00-09.10 **Проблеми во едукација на ученици од маргинализирани групи** – *Наталија Јовановиќ*

09.10-09.20 **Посебното образование поттик за социјална инклузија на учениците со интелектуална попреченост** - *Славица Тодорова, Емилија Георгиева, Соња Димовска, Дита Торте-Чиче*

09.20-09.30 **Реверзна интеграција предизвик на ученичките домови при специјалните училишта** - *Горанчо Јакимов, Александра Јаковчевска, Даниела Смилковска*

09.30-09.40 **Попреченоста и мислењето на лаиците: што весниците ни кажуваат за попреченоста и училишната инклузија. Анализа на текст од италијански весник** – *Вивиана Лангер, Франческа Форцина, Андреа Капуто*

09.40-09.50 **Улогата на дефектологот во стручните мобилни тимови** – *Зринка Думанчиќ Бакавиќ, Маја Смолиќ*

09.50-10.00 **Социјалната димензија на инклузивниот процес во основните училишта во општина Гевгелија** - *Гордана Анастасова, Наташа Чичевска-Јованова*

10.00-10.10 **Значењето на прилагодувањето на наставниот план и програма за учениците со пречки во развојот** - Бранка Пијаниќ

10.10-10.30 **Дискусија**

10.30-10.50 **Кафе пауза**

10.50-13.50 **Работилници**

10.50-11.50 **Прилагодување на TEACCH пристапот за „структурирана настава“ кај лицата со комбинирана попреченост и лицата со визуелни оштетувања** - *Давид Прис, Јасмина Трошанска*

11.50-12.50 **Ран третман со помош на развојна и АБА терапија** – *Земријет Бела Весели Здружение на граѓани „Имаго Плус“*

12.50-13.50 **Лично планирање во функција на процесот за деинституционализација** - *Владо Крстовски, Репбуличкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА*

13.50-15.00 **Пауза за ручек**

15.00 **Состанок на организацискиот и научниот одбор**

**Испраќање на гостите**

# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ОДНОС НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Александра Каровска-Ристовска** [1]
**Александра Јаковчевска** [2]
**Билјана Каровска-Андоновска** [3]
[1] Институт за Дефектологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
[2] ДУРДМОВ „Димитар Влахов", Скопје, Македонија
[3] Воена академија „Михајло Апостолски", Скопје, Македонија

## Резиме

**Вовед:** Актуелниот систем за управување со кризи во РМ се карактеризира со постоење на ресорен (парцијален) пристап во проценувањето на состојбите и непостоење на посебни методи и инструменти за превенција, подготовка, тревожење и евакуација на специфични категории на граѓани како што се лицата со попреченост.

**Методологија:** Ова истражување беше спроведено со цел да се дефинираат предлози за подобрување на системот за управување со кризи во Р. Македонија, *креирање на механизми и инструменти за* навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и лицата со попреченост, со акцент на превенција и подготовка. Истражувањето вклучуваше квантитативни методи на истражување. Поконкретно, преку спроведување на прашалник со 77 лица со попреченост (23 лица со оштетен вид, 25 со оштетен слух, 33 со интелектуална попреченост и 7 лица со комбинирани пречки) беа добиени резултати во 5 области: познавањето на системот за заштита и спасување; досегашни обуки во оваа област; учество во природни непогоди; познавање на алтернативни излези во услови на елементарни непогоди и учество во подготовка на планови за евакуација.

**Резултати:** 45,5 од испитаниците не се запознаени со системот на заштита и спасување во Р. Македонија. Само со 7,8 *% е организирана обука во постапки за заштита од природни непогоди иако 40,3 % биле во опасност предизвикана од природни непогоди. Дури во 61 % од случаите, установата во која живеат лицата со попреченост нема аларм во случај на елементарна непогода или загрозеност од пожар.*

**Заклучок:** Заради постигнување на целосна компатибилност и интероперативилност со глобалните и регионалните безбедносни системи, системот за управување со кризи во Република Македонија треба да биде дизајниран во функција на превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности за сите лица, вклучувајќи ги и лицата со попреченост.

**Клучни зборови:** лица со попреченост, кризен менаџмент, природни непогоди, превенција, подготвеност.

## Вовед

Заради постигнување целосна компатибилност и интероперативилност со глобалните и регионалните безбедносни системи, системот за управување со кризи во Република Македонија треба да биде дизајниран во функција на превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности.

Актуелниот систем за управување со кризи во РМ се карактеризира со:

- непостоење на посебен закон, односно постоење на разновидност во регулирањето на оваа материја со повеќе закони и други прописи;
- постоење на ресорен (парцијален) пристап во проценувањето на состојбите и немање единствена процена од сите ризици и опасности од причина што не постои посебен државен орган чија основна функција ќе биде надлежност од областа на справување со кризи;
- не се предвидени и разработени посебни методи и инструменти за превенција, подготовка, тревожење и евакуација на специфични категории на граѓани, како што се лицата со попречености (слепи, глуви, со физичка и со интелектуална попреченост).

Овие карактеристики се една од причините за неефикасност во преземањето на потребните активности од страна на државните органи надлежни за кризен менаџмент и негативните искуства со кои државата се соочи последните години. Потребно е да се влијае кон воспоставувањето на кризен менаџмент кој ќе биде во функција на подобрување на механизмите на националната безбедносна политика, но и кон координација и ефикасност во употребата на ресурсите ангажирани од повеќе државни институции, како и кон подигнување на јавната свест, со посебен акцент на механизмите за заштита, тревожење и евакуација на лицата со попреченост како граѓани кои се подложни на истите ризици, но специфична категорија од аспект на превенцијата, заштитата, вознемирувањето и нивната евакуација.

Анализите се очекува дека ќе резултираат со предлози за подобрување на националната законска и подзаконска регулатива со која е уреден системот за управување со кризи во Р. Македонија, креирање механизми и инструменти за навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и лицата со попреченост, со акцент на превенција и подготовка.

Ова истражува претставува платформа со основни податоци кои ќе доведат кон креирање систем за:

- обезбедување на навремена, брза и ефикасна превенција и реакција во случај на загрозеност на луѓето, нивниот имот и живот на лицата со попреченост;
- превенција и преземање мерки за намалување на силата на идентификуваните ризици од страна на надлежните институции генерално, со посебен акцент на лицата со попреченост;

- планирање и преземање сеопфатни мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните, кои ќе се спроведуваат во високо координиран и организиран процес, воден од надлежен државен орган, со посебен акцент на лицата со попреченост;
- креирање механизми за високо ниво на меѓуресорска и меѓународна соработка во сите фази на справувањето со кризи и кризни состојби, со разработка на сите специфичности за сите фази на справувањето со кризи и кризни состојби на лицата со попреченост;
- подобрување на координацијата помеѓу државните органи, обезбедување постојана комуникација и размена на информации;
- координирање и рационална и ефикасна употреба на ресурсите во случај на кризи и кризни состојби.

## Методологија на истражувањето

Дефинирањето на предлози за подобрување на системот за управување со кризи во Р. Македонија, креирањето на механизми и инструменти за навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и лицата со попреченост имаат за крајна цел трансформација на јавната свест за јакнење на системот за кризен менаџмент во однос на лицата со попреченост.

Истражувањето вклучуваше квантитативни методи на истражување. Поконкретно, преку спроведување прашалник со 77 лица со попреченост (23 лица со оштетен вид, 25 со оштетен слух, 33 со интелектуална попреченост и 7 лица со комбинирани пречки) беа добиени резултати во 5 области: познавањето на системот за заштита и спасување; досегашни обуки во оваа област; учество во природни непогоди; познавање на алтернативни излези во услови на елементарни непогоди и учество во подготовка на планови за евакуација.

## Резултати од истражувањето

1. Анализа на примерокот

Во понатамошниот дел од текстот ќе биде прикажана демографската анализа односно основните карактеристики на примерокот.




Слика 1. Вид на посебни потреби на испитаниците

Според анализата на примерокот, од горенаведените податоци може да се увиди дека 23 лица (29,9 %) се со оштетен вид, 25 (32,5 %) се со оштетен слух, 33 испитаници (42,9 %) се со интелектуална попреченост (нивниот формулар беше пополнет од нивните старатели) и 7 лица (9,1 %) се со телесна инвалидност.




Слика 2. Возраст на испитаници

Од сликата погоре може да се заклучи дека во возрасната група од 10 до 20 години влегува 16,9 % (13 лица со попреченост) од примерокот, на возраст од 21 до 30 години се 21 лице односно 27,3 % од примерокот, во возрасната група од 31 до 40 години влегува 18 лица (23,4 %) и во групата над 40 години влегуваат 27 лица односно 35,1 % од примерокот.




Слика 3. Степен на образование на испитаниците

2. Анализа на податоците

Во понатамошниот дел од трудот ќе бидат презентирани податоците добиени од квантитативната обработка на исказите на испитаниците.




Слика 4. Познавање на системот за заштита и спасување во Република Македонија

Од табела 4 може да се заклучи дека најголемиот дел од испитаниците (35 лица; 45,5 %) немаат никакви познавања на системот за заштита и спасување. 13 испитаници (16,9 %) имаат познавања на системот додека 29 лица (37,7 %) имаат делумни познавања.




Слика 5. Познавање на начинот за известување и предупредување за можните опасности и давање упатства, заштита, спасување и помош

Од слика 5 може да се забележи дека 16 испитаници (20,8 %) имаат познавања, 25 испитаници (32,5 %) имаат делумни познавања, а најголемиот број испитаници, односно 37 (48,1 %) немаат никакви познавања за начинот на известување и предупредување.




Слика 6. Потреба од обука за начинот на известување и предупредување

Од сликата може да се увиди дека сите испитаници сметаат дека имаат потреба за обука за начинот на известување и предупредување за можните опасности и давањето упатства за заштита, спасување и помош.




Слика 7. Организирани обуки во постапки за заштита од природни непогоди и други несреќи

Од табела 7 може да се заклучи дека дури во 80,5 % од случаите (62 лица) не е организирана обука за заштита од природни непогоди и несреќи. Такви обуки се организирани за 6 лица (7,8 %) и делумно за 9 лица (11,7 %).




Слика 8. Учество во природни непогоди и други несреќи

Од горната слика може да се увиди дека 31 лице (40,3 %) не биле во опасност предизвикана од природни непогоди и други несреќи додека 46 лица (59,7 %) не биле во таква опасност.




Слика 9. Алтернативни излези кои може да се користат во услови на елементарни непогоди, пожар или во други слични ситуации

Од слика 9 може да се нотира дека во местото на живеење во 37,7 % од случаите (29 лица) не постојат алтернативни излези во услови на елементарни непогоди. Во 31,2 % (24 лица) такви излези постојат, а 24 лица (31,2 %) не знаат за постоењето на алтернативни излези.




Слика 10. Аларм за елементарна непогода или загрозеност од пожар

Слика 10 покажува дека во 61 % од случаите (47 лица), во местото на живеење или престојување не постојат аларми за елементарни непогоди или загрозеност од пожар. Во 6,5 % (5 лица) такви аларми постојат, а 25 лица (32,5 %) не се информирани.




Слика 11. Учество во подготовка на планови за евакуација или за други мерки и активности

Погорната слика покажува дека 66 лица (85,7 %) никогаш не учествувале во подготовка на планови за евакуација или за други мерки и активности. Само 11 лица (14,3 %) учествувале во такви активности.




Слика 12. Лице кое помага во случај на евакуација при елементарна непогода

Од последната слика може да заклучиме дека 47 лица (61 %) имаат лице кое безбедно би ги евакуирало, додека 30 лица (39 %) немаат лице кое би им помогнало при евакуацијата.

## Дискусија на резултати

Резултатите покажуваат дека 45,5 од испитаниците не се запознаени со системот на заштита и спасување во Р. Македонија, а 48,1 % не се запознаени со начинот на известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош. Само со 7,8 % е организирана обука во постапки за заштита од природни непогоди иако 40,3 % биле во опасност предизвикана од природни непогоди. Дури 40,3 % лица со попреченост биле

во опасност предизвикана од природни непогоди и други непогоди. Во 37,7 % од случаите не постојат алтернативни излези кои можат да се користат во услови на елементарни непогоди, пожар или други слични ситуации. За жал, во 61 % од случаите, установата во која живеат лицата со попреченост нема аларм во случај на елементарна непогода или загрозеност од пожар.

## Препораки

За да се идентификуваат областите во кои може да се влијае кон подобрување на системот за управување со кризи генерално и особено во однос на лицата со попреченост, треба да преземат следните задачи:

1. Анализа на националната законска и подзаконска регулатива со која е уреден системот за управување со кризи во Р. Македонија;
2. Анализа на институционалната и организациската поставеност, на национално и на локално ниво на системот за управување со кризи во Р. Македонија, правата и обврските на граѓаните и локалните заедници, како најширока основа врз која се поставени механизмите на самиот систем;
3. Анализа на делот од националната законска и подзаконска регулатива која го уредува прашањето за заштита од елементарни непогоди и други ризици на специфични категории на граѓани - лица со попреченост;
4. Анализа на институционалната и организациската поставеност на системите за управување со кризи во други држави со цел да се компарираат позитивните практики кои можат да се имплементираат во РМ, но и да се согледаат евентуалните негативни искуства, првенствено од држави со слични географски, релјефни, хидролошки и други релевантни карактеристики.

## Литература:

People with disabilities in crisis responses, available at:

http://unipd-centrodirittiumani.it/public/docs/34138_emergencies.pdf

Alexander, D., Sagramola, S. (2014). Guidelines for Assisting People with Disabilities during Emergencies, Crises and Disasters, Strasbourg.

U.S. Department of Education. (2008). Emergency Management Research and People with Disabilities a Resource Guide.

Дончев, А. (2007). Кризен менаџмент

Солунчевски, М., Дојчиновски, М., Тимовска, М. (2018). Ресурси и мерки за заштита и спасување, (Практични примери, разработка и постапки)

Закон за заштита и спасување (пречистен текст) Службен весник на Република Македонија, број 93/2012

Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија, број 29/2005

# TRANSFORMATION OF THE PUBLIC AWARENESS FOR STRENGTHENING OF THE CRISIS MANAGEMENTS SYSTEM FOR PERSONS WITH DISABILITIES

**Aleksandra Karovska Ristovska [1]**
**Aleksandra Kalemdzievska [2]**
**Biljana Karovska Andonovska [3]**
[1] Institute of Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Macedonia
[2] Secondary school for blind pupils "Dimitar Vlahov", Skopje, Macedonia
[3] Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje, Macedonia

## Abstract

***Introduction:*** *The current system for crisis management in Republic of Macedonia is characterized with the existence of a sectoral (partial) approach in assessment of the conditions and a non-existence of special methods and instruments for prevention, preparations, alarming and evacuation of specific categories of citizens such as the persons with disabilities.*

***Methodology:*** *This research was conducted with the purpose of defining suggestions for improvement of the system of crisis management in Republic of Macedonia, creation of mechanisms and instruments for a timely identification and assessment of the probability and intensity of the potential risks and dangers that can threaten the citizens and persons with disabilities, with an accent on prevention and preparation. The research involved quantitative research methods. More specifically, through implementation of a questioner with 77 persons with disabilities (23 persons with impaired sight, 25 with impaired hearing, 33 with intellectual disability and 7 persons with combined disabilities) results were obtained in five areas: knowledge of the system for protection and evacuation; previous trainings in this area; participation in natural disasters; knowledge of alternative exits in conditions of elemental crisis and participation in preparation of evacuation plans.*

***Results:*** *45.5% of the examinees are not introduced to the system of protection and rescue in Republic of Macedonia. With only 7.8% persons, training was conducted for procedures for protection from natural disasters although 40.3% were in danger caused by natural disasters. In 62% of the cases, the institution where the examinees reside does not have an alarm in case of an elemental disaster or fire threat.*

***Conclusion:*** *For accomplishing a total compatibility and interoperability with the global and regional safety systems, the system for crisis managements in Republic of Macedonia should be designed in the function for prevention, early warning and handling all risks and dangers for all persons including persons with disabilities.*

**Key words:** persons with disabilities, crisis managements; natural disasters, prevention, preparedness.